Пречистен текст

Врз основа на член 18 и 104 од Законот за здруженија и фондации (Службен Весник на РМ бр. 52/10, 135/11, 55/16) и член 23 од Статутот на Здружението Кризен Центар „Надеж“, Собранието на седницата одржана на ден 17.12.2020 год. донесе измени и дополнувања на:

# С Т А Т У Т

**на Здружението Кризен Центар „Надеж“**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Здружението Кризен Центар „Надеж“ (во продолжение КЦ „Надеж“) се формира заради следење и анализа на општествениот проблем на насилство врз жените и децата и семејното насилство, едукација и превенција од насилство, заштита и згрижување на жртвите на насилство.

**Член 2**

КЦ „Надеж“ своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со одредбите од Уставот на **РСМ, со Законот за социјална заштита**, со овој Статут, како и со други законски норми кои ја регулираат материјата од оваа област.

**Член 3**

КЦ „Надеж“ е организација која нема да врши никакви политички и верски активности и е самостојно, невладино, непартиско, непрофитно и специјализирано здружение што дејствува на територијата на Република Северна Македонија.

КЦ „Надеж“ својот поширок интерес го остварува во соработка со здруженија и институции во Република Северна Македонија.

**Член 4**

Името на здружението е Кризен Центар „Надеж“.

Името на англиски јазик е Crisis Center “Hope”.

Седиштето на КЦ „Надеж“ е во Скопје на адреса: ул. Лазар Поп Трајков бр. 24.

**Член 5**

КЦ „Надеж“ е правно лице.

КЦ „Надеж“ го претставува и застапува Претседателот на Здружението.

КЦ „Надеж“ има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и во него е впишан текст: Кризен Центар – Надеж, Скопје. Во долниот дел на печатот е внесено сонце од кое излегуваат пет зраци.

Штембилот е правоаголен и на него е впишан текст: Кризен Центар – Надеж, Скопје.

## МИСИЈА

### Член 6

Мисијата на здружението е активна борба против насилството врз жените и децата и семејното насилство во Република Македонија, како појави со кои се прекршуваат женските, детските и човековите права воопшто.

**Кризен Центар „Надеж“ континуирано работи на застапување, едукација и директна поддршка за прекин на кругот на насилство врз жените и семејно насилство преку промена на индивидуалните и општествените верувања, ставови и однесување кои генерираат насилство.**

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

### Член 7

Основни цели и задачи на КЦ „Надеж“ се:

- Идентификување на случаи на насилство и прибавување информации и податоци за истите преку Телефонот на доверба
- Прибирање, анализа и стручна оценка за сите аспекти на случаите на насилство (физичко, психолошко, економско, сексуално и друг вид на насилство)
- Советување, упатување и придружба до соодветни институции на жртвите на насилство
- Едукација на жртви на насилство (психосоцијална поддршка и јакнење)
- Згрижување во КЦ „Надеж“
- Преземање **активности** за заштита во случај на семејно насилство, согласно **Законот за социјална заштита**, Законот за семејство и Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, самостојно или во соработка со Центрите за социјална работа
- Правно советување
- Понатамошно следење на регистрираните случаи на насилство во соработка со надлежните институции и организации
- Поддршка на жртви на насилство во процесот на рехабилитација и ресоцијализација во координирана соработка со надлежните институции
- Подобрување на квалитетот на услугите, заштитата и безбедноста на жртвите на насилство
- Превенција на насилството врз жените и децата и семејното насилство и подигање на јавната свест за препознавање и заштита од овој проблем.

### Член 8

Во остварување на своите цели и задачи КЦ „Надеж“ соработува со:

- Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа
- Министерството за внатрешни работи и Полициските станици
- Министерството за здравство и Здравствените установи
- Локалната самоуправа
- Здруженија и фондации
- Меѓународни организации и агенции
- Странски дипломатски и други претставништва во РМ
- Слични институции и организации во други земји.

# ДЕЈНОСТИ

**Член 9**

Целите здружението ќе ги остварува согласно дејностите дефинирани во Законот за социјална заштита:

1. **Социјални услуги во заедницата и услуги на вон-семејна заштита**
2. **Услуги на информирање и упатување**
3. **Услуги на стручна помош и поддршка**
4. **Услуги на советување**
5. Хуманитарна и социјална помош, намалување на сиромаштијата
6. Заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување
7. Заштита и едукација на деца и младинци
8. Развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права
9. Развој на етиката и моралот и
10. Едукација за родова еднаквост и родов сензибилитет.

**Член 10**

Активностите во КЦ „Надеж“ ги остваруваат волонтери и вработени лица.
Правата и обврските на овие лица се регулираат со посебен договор.

**Член 11**

Секој граѓанин корисник на Телефонот на доверба или кој бил жртва на насилство може да биде штитеник на КЦ „Надеж“.
За здобивање со статус на штитеник одлучува Извршниот Одбор.

**Член 12**

Права и обврски на штитеникот се:

- Да ги користи услугите на КЦ „Надеж“
- Да ги почитува правилата на однесување на КЦ „Надеж“
- Да ја почитува тајноста на личните и класифицирани податоци на здружението.

Односите помеѓу штитеникот и КЦ „Надеж“ се регулираат со посебен договор.

**Член 13**

Информациите по однос на случаите на насилство регистрирани во КЦ „Надеж“ по правило се тајни, а по оценка на Извршниот одбор можат да и бидат достапни на јавноста.

**Член 14**

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, други здруженија/НВО и на пошироката јавност за работењето и активностите на здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работата на органите и телата на здружението, за материјално-финансиското работење и друго. За информирање на членовите и пошироката јавност се користи директна комуникација со печатот, радиото, телевизијата, како и веб страната на КЦ „Надеж“ каде што ќе се објавуваат годишните извештаи за работата.

# ЧЛЕНСТВО

**Член 15**

Членството на КЦ „Надеж“ е доброволно.

Членови на здружението се граѓани што се заинтересирани и стручно оспособени за остварување на целите и задачите утврдени во член 7 од овој Статут.

**Член 16**

Права и обврски на членовите на КЦ „Надеж“ се:

- Со зачленување во КЦ „Надеж“ се станува член на Собранието со право на глас во Собранието
- Секој член има право да биде избран во Органите на КЦ „Надеж“
- Одговорно и совесно да ги остваруваат целите и задачите на КЦ „Надеж“ согласно правилата и струката
- Меѓусебно да соработуваат
- Да ги почитуваат правилата на однесување на КЦ „Надеж
- Да ја чуваат тајноста на информациите

**Член 17**

Прекин на членството во КЦ „Надеж“

- Доброволно отстапување од КЦ „Надеж“
- Непочитување на Статутот, утврдените правила за однесување, како и на другите акти што ги донесува Собранието
- Вршење на дејствија кои го нарушуваат угледот на КЦ „Надеж“.

## ОРГАНИ НА КЦ „НАДЕЖ“

**Член 18**

Органи на КЦ „Надеж“ се:

1. Собрание
2. Извршен одбор

## СОБРАНИЕ

**Член 19**

Собранието на КЦ „Надеж“ е највисок орган.

**Член 20**

Собранието како највисок орган на КЦ „Надеж“ е составено од сите членови кои доброволно пристапиле и кои ќе се ангажираат во остварувањето на целите и задачите на КЦ „Надеж“ и ќе работат во рамките на овој Статут, Уставот и Законите на државата.

**Член 21**

Собранието одлучува на седници.
Собранието се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 22**

Седниците на Собранието ги свикува и со нив раководи Претседателот на КЦ „Надеж“ .
За да се одржи седница потребно е присуство на мнозинството од вкупниот број на членови на Собранието.
Собранието своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови на седницата.

**Член 23**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут и други општи акти на КЦ „Надеж“ и одлучува за нивна измена и дополнување
- Ја усвојува програмата за работа
- Усвојува годишен извештај за работата и финансиски извештај
- Избира и разрешува членови на Извршниот одбор
- Избира и разрешува Претседател на КЦ „Надеж“
- Ја прегледува годишната сметка и другите акти на здружението
- Врши надзор над работата на КЦ „Надеж“
- Одлучува за престанок на работата на КЦ „Надеж“ со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови на КЦ „Надеж“.

## ИЗВРШЕН ОДБОР

**Член 24**

Извршниот одбор е извршно – стручно тело и брои 3 члена.
Извшрниот одбор ги врши следните работи:

- Предлага измени и дополнувања на Статутот и другите општи акти
- Предлага Програма за работа
- Поднесува Годишен извештај и финансиски извештај
- Се грижи за остварување на програмите за работа
- Ги извршува одлуките и заклучоците на Собранието
- Усвојува правила за однесување во КЦ „Надеж“
- Се консултира со стручни лица ангажирани за извршување на задачите и целите на здружението
- одлучува за прием на нови членови и за престанок на членство.

**Член 25**

**Собранието ги предлага и избира членовите на Извршниот одбор кои имаат мандат од 3 години со можност за повторно избирање.**
Доколку член на Извршниот одбор е спречен да ја врши својата функција тој може да даде оставка пред истекот на мандатот.
Доколку член на Извршниот одбор не ја извршува својата должност согласно одредбите од овој Статут, односно Одлуките на Собранието, Собранието може да го разреши и пред истекот на мандатот.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КЦ „НАДЕЖ“

**Член 26**

**Секој член на Собранието на КЦ „Надеж“ може да се кандидира или да кандидира друг член на Собранието за Претседател на КЦ „Надеж“.**
**Претседателот се избира со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието.**
Претседателот на КЦ „Надеж“, раководи со целокупната работа на здружението.
Претседателот го претставува и застапува здружението.
Во отсуство Претседателот го заменува член на Извршниот одбор.

**Член 27**

Мандатот на Претседателот е 3 години со право на реизбор.
Доколку Претседателот е спречен да ја врши својата функција тој може да даде оставка пред истекот на мандатот.
Доколку Претседателот не ја извршува својата должност согласно одредбите на овој Статут, односно Одлуките на Собранието, Собранието може да го разреши и пред истекот на мандатот.

**Член 28**

Претседателот ги извршува следните работи:

- Подготвува материјали за Собранието
- Го запознава Собранието со резултатите од работењето
- Контактира со членството
- Управува со имотот

## ФИНАНСИРАЊЕ НА КЦ „НАДЕЖ“

**Член 29**

Средствата на КЦ „Надеж“ се остваруваат од:

- Средства од донатори и спонзори
- Добротворни прилози и подароци
- Буџет на државни институции
- Домашни и странски фондации

Здружението ги остварува и следниве дејности со кои стекнува добивка којшто се користи исклучиво за исполнување на целите дефинирани во овој Статут:

- Консултантски и друг вид на услуги, спроведување на истражувања, организирање и спроведување на обуки и едукација.

**Член 30**

Средствата на КЦ „Надеж“ се користат рационално и наменски согласно програмите за работа.
Наредбодател на финансиското работење е Претседателот на КЦ „Надеж“.

**Член 31**

За потребите на одржливост на организацијата Извршниот одбор согласно позитивните законски акти и нормативи може да основа:

- Трговски друштва (ДОО, ДООЕЛ, АД и др.) и други правни лица.

Работата на друштвата и другите правни лица формирани од страна на КЦ „Надеж“ како посебни правни субјекти, ја одредува Извршниот одбор.

## ПРЕСТАНОК НА КЦ „НАДЕЖ“

**Член 32**

КЦ „Надеж“ ќе престане со работа ако е:

- Донесена одлука за престанок на постоење во согласност со Статутот
- Поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со Статут, а таа не е одржана
- Во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон
- Донесена статусна измена која предвидува престанок на постоењето

- Донесена  одлука на надлежен суд
- Прогласен стечај
- Спроведена ликвидација и
- Ако не се остваруваат целите и задачите за кои КЦ „Надеж“ е формирано.

Одлука за престанок со работа на КЦ „Надеж“ донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на КЦ „Надеж“.

**Член 33**

Во случај на престанок на работата на КЦ „Надеж“, имотот на здружението ќе се даде во добротворни цели признати и избрани од Собранието.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 34**

Измени и дополнувања на овој Статут донесува Собранието на начин и по постапка утврдена со овој Статут.

**Член 35**

Овој Статут стапува во сила на денот на неговото донесување.

**Скопје**
**17.12.2020 година**

**Претседател на Кризен Центар „Надеж“**
**Маја Ацевска**

КРИЗЕН ЦЕНТАР НАДЕЖ СКОПЈЕ